Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-200/6
Датум:
28-04-2023

Постапувајќи по претставката со бр. 08-200/1 од 02.03.2023 поднесена од [redacted] Куманово, против Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија, бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 28.04.2023 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија врз [redacted] во областа на работата и работните односи.

## О б р а з л о ж е н и е

На 02.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08-200/1 од подносителот [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Подносителот на претставката бил вработен во МВР, на работно место - Самостоен полицаец, категорија Е ниво Е2, во Единица за брзо распоредување, Оддел за специјални полициски операции. Во претставката наведува дека со [redacted] година на МВР бил прераспореден во Самостоен техничар манипулант со воздухопловни горива и мазива, категорија Е ниво Е2 во Единица за Аеродромска полициска база, Биро за јавна безбедност. Во прилог на претставката, го приложи како доказ Решението за распоредување [redacted] од 09.12.2020 година на МВР. Во однос на Решението, подносителот наведува дека истото не содржи образложение за прераспоредувањето и со таквото Решение му се одземени полициското овластување и оружјето. Со распоредувањето подносителот добил статус на овластено лице, со зголемен износ на средства наменети за плата за 20% поради видот, природата и сложеноста на полициските работи, односно тежина на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат, за разлика од новото работнотно место,

на претходното работно место, за истиот вид на додаток му биле предвидени 30 %.[1] Со истото Решение на подносителот му бил одземен и додатокот на плата од 45%, кои додатоци му следеле на претходното работно место. Покрај тоа, подносителот наведува дека е распореден на работно место Ракување со опасни материи без претходно работно искуство и соодветен сертификат за ракување со опасни материи. Од тие причини подносителот тврди дека работодавниот орган – Министерството за внатрешни работи го дискриминира во областа на работата и работните односи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот испрати Барање за доуредување на претставката со бр. 08 – 200/3, во однос на појаснување на дискриминаторската основа и посочување на компаратор.

Врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата, на 07.03.2023 година ја достави претставката на произнесување до потенцијалниот дискриминатор – Министерството за внатрешни работи.

На 21.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи беше доставен поднесок за произнесување по претставката.

Во поднесокот за произнесување МВР негира дека кон подносителот е сторена било каква дискриминација и истиот е базиран врз следната аргументација:

Вработениот [redacted] со горенаведеното Решение е распореден по потреба на Министерството на работно место, за кое е утврдена основна плата која е еднаква со основната плата од работното место за кое се распоредува, односно на работно место кое е идентично по вид во рамки на исто ниво.

Во однос на наводите кои се однесуваат на статусот на овластено службено лице, наведуваат дека сите работници во МВР се овластени службени лица, со разлика што работниците кои се распоредени на работни места со статус полициски службеници имаат дополнително право да применуваат полициски овластувања, во споредба со работниците кои се распоредени на работни места со статус на овластени службени лица. [redacted] на работното место извршува работи и задачи согласно Упатството за начинот на манипулирање и складирање на воздухопловни мазива и

[1] Закон за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на Р.М бр. 58/2000; 44/2002; 13/2006; 82/2008; 167/2010; 36/2011; 51/2011; 96/2019; 154/2019), Закон за внатрешни работи (Сл. весник на Р.М бр. 42/2014; 116/2014; 33/2015; 33/2015; 96/2015; 5/2016; 120/2016; 127/2016; 142/2016; 190/2016; 21/2018; 135/2018; 108/2019; 275/2019; 110/2021; 89/2022) и Закон за полиција (Сл. весник на Р.М бр. 114/2006; 148/2008; 6/2009; 92/2009; 145/2012; 41/2014; 33/2015; 31/2016; 106/2016; 120/2016; 21/2018; 21/2018; 64/2018; 294/2021; 89/2022)

останати погонски средства во Аеродромската полициска база во МВР.

Во однос на наводите на работникот дека му е укинат додатокот на плата од 45%, кој е утврден заради посебните услови за работа и опасноста по живот односно постоење на на висок ризик во извршувањето на работите и задачите на овластените службени лица во Единицата за брзо распоредување, во поднесокот наведуваат: „Додатокот од 45% не е дел од основната плата, односно во член 156 од КД на МВР истиот е утврден како составен дел од основната компонента на плата, при што истиот се губи со распоредување на друго место.

Во врска со тврдењата на подносителот насочени кон Решението, во поднесокот за произнесување напоменуваат дека подносителот на претставката имал право на правна заштита, односно правото на правен лек било предвидено во самото Решение за распоредување, кое право подносителот го искористил, поведувајќи постапка пред надлежен втоpостепен орган. Во таквата постапка, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен приговорот против Решението бил одбиен како неоснован. Подносителот користејќи го правото на судска заштита, поднел тужба пред Основниот граѓански суд Скопје за поништување на предметното решение. Во поднесокот за произнесување е наведено дека судската постапка е се' уште во тек.

Врз основа на сето наведено, Министерството за внатрешни работи тврди дека за сите вработени во МВР подеднакво важат и се применуваат одредбите од законските и подзаконските акти од делокругот на работење на Министерството. Процесот на работа во Министерството се одвива врз основа на начелата на недискриминација и еднаквост на работниците во нивните права и обврски кои се предвидени со Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Колективниот договор на МВР и останатите законски и подзаконски акти.

Во прилог на поднесокот за произнесување МВР го достави Решението за распоредување на работникот [redacted] година и Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен [redacted] година.

На 29.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на подносителот [redacted] беше доставен поднесок за доуредување на претставката, заведен под бр. 08-200/5. Во поднесокот за доуредување се појаснува фактичката состојба, но не и основот за дискриминација, ниту се наведува компаратор.

Ценејќи ги наводите од претставката и наводите од поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителот [redacted] не сторил веројатно дека работодавниот орган – Министерството

за внатрешни работи сторил дискриминација кон него врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката на претпоставениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, тој мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека **токму дискриминаторската основа е таа околност што довела до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, за разлика од другите.** Воедно, подносителот потребно е да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или штета, во конкретниот случај, според тврдењата на подносителот - незаконито распоредување на друго работно место. И покрај Барањето за доуредување на претставката кое го испрати Комисијата, подносителот единствено како дискриминаторска основа навел лично својство и општествен статус, без притоа да појасни кои околности упатуваат на негова заштитна карактеристика – лично својство и општествен статус. Иако недостига воспоставена правна практика на меѓународно ниво која би помогнала појасно да се исцртаат границите на оваа основа за заштита и од практиката на ЕСЧП не е целосно јасно кое е точното значење на личен статус, најчесто под личен или општествен статус се подразбира основа за заштита која се врзува со надворешниот физички изглед и неговите карактеристики, со неговото потекло, неговата поврзаност со определена професија, со сегашниот или поранешниот статус на затвореник или имигрант, итн. Тој е одреден од лична карактеристика која лицето ја има или се претпоставува дека ја има, или со статусот во општеството кој се смета дека едно лице го ужива, а поврзано со овие свои карактеристики. За иста, односно споредлива ситуација подносителот не навел ниту компаратор, со кој би го докажал нееднаквиот третман во работните односи.

При така констатирана состојба, **во недостаток на нееднаков третман врз дискриминаторска основа во остварување на правата од работниот однос не може да стане збор за дискриминација.** Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Во однос на евентуални повреди на правата од работен однос, кои не се поврзани со нееднаков третман и дискриминација, според тврдењата на работодавниот орган подносителот веќе побарал судска заштита на правата во граѓанска судска постапка, која е се' уште во тек.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија врз [redacted] во областа на работата и работните односи.

Скопје
28.04.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, со седиште на ул. „Димче Мирчев" бр. 9, Скопје